РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

БИРО ЗА ПРОЦЕНА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА БИРО ЗА ПРОЦЕНА

# 2025-2027 ГОДИНА

Февруари, 2025 година

Скопје

1.1 ВОВЕД....3
1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА....3
1.3 МИСИЈА НА БИРОТО ЗА ПРОЦЕНА (БП)[1]....5
1.4 ВИЗИЈА НА БП....5
1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БП....5
1.5.1 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА БП....6
1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА БП....7
1.7 СТРУКТУРА НА БП....7
1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БП....9
1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА БП ВО 2023 ГОДИНА....10
1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА БП ВО ТЕКОВНАТА ПРВА ПОЛОВИНА НА 2024 ГОДИНА....11
1.11 ПРОГРАМИ....13
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА (ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ)....13
3. ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ....21
4. ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ....22
5. ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ....23
6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ НА БП....24
7. ПРИЛОГ 1:ОБРАЗЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ....27

[1] Биро за процена – во понатамошниот текст ќе се користи акронимот БП

## 1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на БП за периодот 2025-2027 година, претставува пишан документ, во кој се наведени главните карактеристики на БП како што се: мисија, визија, задачи и обврски на БП, специфичности, организационата структура на БП, стратешките цели и приоритети на БП. Во делот на матрицата е дефинирана програмата, потпрограмите и активностите на БП и потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација. Исто така направен е осврт на постигнатите резултати во 2023 година и очекуваните резултати во 2024 година. Стратешкото планирање како сет на избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури кои ја сочинуваат целта на овој процес. Стратешкиот план како основен инструмент ги одразува приоритетите, целите и задачите на БП, координирани со приоритетните цели на Министерството за правда, кои се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, за период на временска рамка од три години.

Стратешкиот план на БП (2025-2027) претставува континуирано продолжување на реформските процеси во областите за кои е надлежно БП.

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Стратешкиот план на БП за периодот 2025-2027 година е изработен врз основа на анализирана база на податоци од софтверски апликации со кои располага БП, како на пример: број на примени барања за вештачење и процена, барани области за вештачење и процена, број на завршени предмети, број на навремено завршени предмети, вратени нерешени предмети, расположливи лиценцирани вешти лица и проценители, жалби/претставки/казни за вешти лица и проценители и тн.

За реално, објективно и сестрано согледување на позицијата на БП во целина користена е општо познатата алатка СВОТ, како што е прикажано во табелата подоле:

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| -расположливост на стручно-административен кадар за вршење на работи од областа на процени и вештачење;<br>-посветеност на вработените и надворешните соработници за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>-солидно информатичка и софтверска основа за изработка на квалитетни и прецизни процени и вештачења;<br>-воспоставен функционален систем за изработка на процени. | -недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;<br>-недоволна финансиска мотивираност кај стручниот кадар лиценциран за вршење работи од областа на процени и вештачење;<br>-недоволна искористеност на БП за потребите на државните органи. |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
| -зајакнување на улогата на БП како единствен орган на државната управа кој врши стручни работи од областа на процената;<br>-екипирање со стручен кадар за вршење процени од разни области;<br>-надградба на знаења и стручно усовршување во согласност со домашното законодавство и со Европските и Меѓународните стандарди за процена. | -недоволно разбирање на улогата на БП;<br>-зголемен одлив на човечки ресурси од БП;<br>-недоволно расположливи надворешни соработници кои ги ангажира БП како стручен кадар од разни области;<br>-неможност навремено да се одговори на зголемен број на барања за процена согласно моментално расположлив кадар. |

## 1.3. МИСИЈА НА БП

БП како орган на државната управа има основна задача да одговори на барањата за процена и вештачење, квалитетно стручно и навремено.

## 1.4. ВИЗИЈА

Висок квалитет и стручност во дадените услуги и создавање на ефикасен, професионален и објективен систем во областа на процени и вештачење.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА БП

БП е орган на државна управа во состав на Министерство за правда, со својство на правно лице. БП врши стручни работи од областа на процената во согласност со одредбите од Законот за процена, со примена на пропишаните методологии во домашното законодавство и во согласност со Европските и Меѓународните стандарди за процена. Постапките за вештачење започнати до денот на влегувањето во сила на Закон за вештачење (Службен Весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 год.) ќе се завршат во согласност со одредбите од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ број 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15 и 64/18), од страна на БП.

Најзастапени области за кои се врши вештачење од страна на БП се следните: економски и материјално-финансиски, инжинерски (градежно-архитектонски, сообраќајни, машински, електро-технички), агрономски, геодетски, земјоделство, ветеринарство и храна, медицински, информатички и други области.

Најзастапени процени кои се вршат од страна на БП се процени на: вредноста на претпријатијата и капиталот (основната главнина) на трговските друштва, подвижен имот (транспортни средства,машини и опрема ) ,недвижен имот (индустриски, градежни објекти, земјоделско земјиште, шуми) и др. Дел од овие процени се користат во судските процеси и постапки на судовите во Р.С.М. а останатиот дел најчесто се однесуваат на: изградба на нови патни делници

и рехабилитација на дел од постојните, доизградба на патни и железнички делови, експропријација на државното земјиште, процена на вредноста на имотот на големите индустриски капацитети за продажба и давање под закуп, процена на штети настанати од елементарни непогоди и сл.

### 1.5.1. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА БП

- Професионалност

Стремеж за континуирано следење на новините од областа на процени и вештачења, применување најнови и врвни техники и помагала , со постојана надградба и унапредување на умешноста и вештините кои треба да ги поседуваат стручните лица;

- Објективност

Стремеж стручните лица да бидат објективни при изработувањето на дадени задачи, чесни и ослободени од неусогласеност на интересите и давање мислења засновани исклучиво на докази кои се обезбедени и оформени согласно меѓународните стандарди;

- Компетентност

Стремеж за поседување знаење, искуства, објективност и авторитет при изготвување на процена, наод и мислење кое мора да биде независно, реално и во согласност со највисоките научни достигнувања;

- Тимска работа

Стремеж за континуирано практикување на колегијалната, сестрана, конструктивна и креативна соработка на стручните лица со доследно почитување на поединецот, јакнење на чувството за одговорност, совесност и професионалност кои претставуваат услов за остварување на мисијата, визијата и стратешките цели кои ги има БП;

- Транспарентност

Стремеж за континуирано обезбедување транспарентност во работењето;

- Интегритет

За да се одржи довербата  за стручноста и професионалноста при изготвување на процени, наоди и мислења, однесувањето на стручните лица треба да биде надвор од секаков сомнеж и прекор. Интегритетот од стручните лица бара да внимаваат како на формата и целта на БП, така и  на етичките стандарди со цел да се задоволат  потребите на јавниот и приватниот сектор во Р.С.М.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА БП

БП е единствен орган на државната управа кој врши работи од областа на процени и вештачење. Повеќе од четири децении БП беше значаен сегмент во правосудниот систем на државата, вршејќи стручни работи од областа на вештачењата и супервештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење. Со измените на Закон за вештачење (Службен Весник на РСМ бр.154 од 20.07.2023 год.) , Бирото за судски вештачења продолжува да работи како Биро за процена.

## 1.7. СТРУКТУРА НА БП

БП согласно правилникот за внатрешна организација бр.01-30/1 од 17.01.2024 год. и правилникот за систематизација на работните места бр. 01-30/2 од 17.01.2024 год. е организиран во:

- три сектори со вкупно 6 одделенија:

1. Сектор за Економски вештачења и процени  со две одделенија.
2. Сектор за инженерски вештачења и процени со две одделенија.
3. Сектор за Правни,општи и заеднички работи  со две одделенија.

- и  две самостојни одделенија:

1. Одделение за управување со човечки ресурси и
2. Одделение за финансиски прашања.

Графички приказ на организацијата на Бирото за процена (органограм)



## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА БП

Стратешки приоритет на БП:

- Квалитетно стручно и навремено изготвени процени и вештачења.

Стратешки цели на БП:

- Подобрување на квалитетот и професионалноста при изготвување на процени и вештачења и
- Зголемување на ефективноста и ефикаността во работењето на институцијата.

Стратешки цели на БП кои се во корелација со Министерство за правда:

- Владеење на правото преку целосно спроведување на законите

При утврдување на своите стратешки приоритети и цели, БП пред се ги имаше во предвид идентификуваните стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за 2024 година.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА БП ВО 2023 ГОДИНА

Во однос на постигнатите резултати на БП за 2023 година ги издвојуваме:

- Вкупно примени се 2772 предмети (вештачења, дополнителни вештачења, супер вештачења и процени) , а завршени 1524 предмети.

- Стручно изработени вештачења и супер вештачења, при што примени се вкупно 2317 а завршени 1238 предмети меѓу кои сложени предмети од областа на организиран криминал, предмети за сообраќајни незгоди со тешки последици, предмети во кривична и граѓанска постапка со обемни градежни, финансиски и материјални вештачења и вештачења од други специфични области. Во некои предмети за вештачење каде се опфатени министерства или големи субјекти, се изработуваат и преку 300 поединечни вештачења за еден предмет.

- Квалитетно изработени стручни анализи и процени, при што примени се вкупно 455 а завршени 286 предмети, а во рамки на еден предмет има многубројни процени. Најчести баратели на такви процени се следните институции:

    - Министерство за финансии,
    - Министерство за одбрана,
    - Министерство за внатрешни работи,
    - Дирекција за технолошко индустриски развојни зони,
    - ЈП за државни патишта,
    - ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници,
    - Национални енергетски ресурси,
    - Агенција за управување со одземен имот,
    - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
    - АД за изградба и стопансиување со станбен и деловен простор од значење на републиката,
    - Јавни здравствени установи и др.

Најзначајните процени кои се реализирани во 2023 година претставуваат следните процени:

- Процени за проект за инфраструктура за реконструкција со проширување и подобрување на геометриски елементи на регионален пат делница Понов Мост-Богданци,
- Процени за изградба на магистрален гасовод делница Скопје – Тетово – Гостивар,
- Процени за изградба на брана и акумулација Конско со придружни објекти,
- Процени на конфискуван имот и опрема и др

- Дел од тимот за експропријација предводена од Министерство за финансии, за градење на Коридор 8 и Коридор 10 во Република северна Македонија.
- Континуирана професионална едукација со цел подобрување на стручноста кај вештите лица и проценители во изготвување на вештачења и проценки.

*Показател на успешност: Број на завршени предмети.*

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА БП ВО ТЕКОВНАТА ПРВА ПОЛОВИНА НА 2024 ГОДИНА

- Заклучно со месец јули 2024 година вкупно примени се 436 предмети (вештачења, дополнителни вештачења, супер вештачења и процени) , а завршени 421 предмети.

- Стручно изработени вештачења и супер вештачења, при што се завршени 305 предмети меѓу кои сложени предмети од обласа на организиран криминал, предмети за сообраќајни незгоди со тешки последици, предмети во кривична и граѓанска постапка со обемни градежни, финансиски и материјални вештачења и вештачења од други специфични области. Во некои предмети за вештачење каде се опфатени министерства или големи субјекти, се изработуваат и преку 300 поединечни вештачења за еден предмет.

- Стручно изработени  процени, при што примени се вкупно 207 а завршени 116 предмети, а во рамки на еден предмет има многубројни процени. Најчести баратели на такви процени се следните институции:

  - Министерство за финансии,
  - Министерство за одбрана,
  - Министерство за внатрешни работи,
  - ЈП за државни патишта,
  - ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници,
  - Номагас,
  - Агенција за управување со одземен имот,
  - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,
  - АД за изградба и стопансиувње со станбен и деловен простор од значење на републиката,
  - Јавни здравствени установи и др.

  Најзначајните процени кои се реализирани во тековната прва половина на 2024 година претставуваат следните процени:

  - Процени во врска со изградба на магистрален гасовод делница Скопје – Тетово – Гостивар,
  - Процени во врска со постапката за експропријација заради изградба на Автопат А2 делница Кичево-Охрид,
  - Процени во врска со реализација на проект за инфраструктура за надвозник над булевар кој ги спојува ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 ,
  - Процени во врска со реализација на проект Изградба на системи за наводнување од мали размери во општините на РСМ,
  - Процени на конфискуван имот и опрема и др.

- Бирото е дел од тимот за експропријација предводена од Министерство за финансии, за градење на Коридор 8 и Коридор 10 во Република Северна Македонија.
- Реализирана континуирана професионална едукација со цел подобрување на стручноста кај вештите лица и проценители во изготвување на вештачења и процени.

## 1.11 ПРОГРАМИ

Стратешкиот план на БП за периодот 2025-2027 година, содржи една стратешка програма: СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОЦЕНИ И ВЕШТАЧЕЊА и истата е разработена на ниво на три потпрограми.

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА БП ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ

## 2.1.ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА „СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОЦЕНИ И ВЕШТАЧЕЊА”

1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА (ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМИ)

А:Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата„ СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРОЦЕНИ И ВЕШТАЧЕЊА„ произлегува од:

1. Идентификуваните стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година:
   -обновување на довербата во институциите,зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото и
   -професионална и ефикасна јавна администрација,развој на дигиталната економија, ИКТ секторот,вештачката интелегенција,иновациите и стартап екосистем.

2. Цели кои произлегуваат согласно оваа одлука, а се применливи за БП како орган во состав на Министерството за првда се:
   -елиминирање на корупцијата и криминалот и обезбедување на владеење на правото и
   -стручна, професионална и департизирана администрација.

2. НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА)

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права
**Дел :** 3.23.1 Судство

3.Стратешките приоритети и цели на БП:

- Квалитетно стручно и навремено изготвени процени и вештачења.
    - Подобрување на квалитетот и професионалноста при изготвување на процени и вештачења и
    - Зголемување на ефективноста и ефиканоста во работењето на институцијата.

3.1.Стратешките приоритети и цели на БП кои се во корелација со Министерство за Правда:

- Владеење на правото преку целосно спроведување на законите

| 1.Назив на Програмата: | Цел на Програмата: |
|---|---|
| Стручни работи од областа на процени и вештачења | -Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени,<br><br>-Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка,<br><br>-Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството,<br><br>-Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. |
| Показатели за успех на Програмата:<br><br>-Зголеменување на довербата кај јавниот и приватниот сектор како резултат на зголемен број на поднесени барања за процени,<br><br>- Побрзо извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка како резултат на навремено завршени предмети за вештачење ,<br><br>-Намалување на корупцијата и криминалот преку ефикасно решавање на предмети од организиран криминал,<br><br>-Ефикасно функционирање на Јавното обвинителство и судскиот систем (поврзано со показатели за успех на Програма на Министерство за правда). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата) | хоризонтална | √ | вертикална |

План за спроведување на Програмата:

| Потпрограма 1: | Показател за успешност: |
|---|---|
| • Јакнење на административниот капацитет | -Број на завршени процени;<br>-Број на изготвени вешти наоди и мислења;<br>-Пократок временски период потребен за одговор на барање за процена и вештачење |
| Потпрограма 2:<br>• Континуирана професионална едукација | Показател за успешност:<br>-Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на процени и вештачења;<br>-Зајакнување на независноста и непристрасноста во вршење на работите од областа на процени и вештачења;<br>-Поголема стручност и сигурност во изготвување на предметите;<br>-Намален број на барања за дополнителни наоди, |

| | |
|---|---|
| | произнесувања и усогласувања на изготвените вешти наоди и мислења;<br><br>-Успешно решени предмети од организиран криминал; |
| Потпрограма 3:<br><br>• Надградба на информатички технологии и опрема | Показател за успешност:<br><br>-Подобрување на квалитетот на изготвените процени и вештачења и нивото на прецизност и издржаност на истите, како резултат на примена на најнови информатички и технолошки достигнувања од поединечни области;<br><br>-Зголемување на ефикасноста и професионалноста на изготвување вештачења и проценки преку имплементација на нови методи, алатки и опрема;<br><br>-Намалување на потребното време за извршување на обврските кои произлегуваат од изготвување на вештачењата и процените и поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка;<br><br>-Зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството и јавното обвинителство;<br><br>-Бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. |

Б Програма1: План за спроведување

Потпрограма 1: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | финансиски МКД |
| 1.Доставување барање за одобрување средства за унапредувања и нови вработувања | БП | МФ | 1/2025 | 12/2025 | Вработени во БП | 3.250.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2-Судски вештачења) |
| 2.Спроведување постапка за унапредувања и нови вработувања | БП | АА/МА | 1/2025 | 12/2025 | Вработени во БП | 50.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2-Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2025 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2026 година:0 | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во 2027 година:0 | | | | | | |
| Вкупно за резултат 1: 2 | | | | | | 3.300.000 |

Потпрограма 2: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски [MKD] |
| 1.Континуирана посета на обуки и семинари во насока на следење на тековни измени во законски регулативи и примена на правото | БП | | 1/2025 | 12/2027 | Вработени во БП | 600.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2- Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2025 година:1 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2026 година:1 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2027 година:1 | | | | | | |
| Вкупно за резултат 2: 3 | | | | | | 600.000 |

Потпрограма 3: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултиран и | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиск и [MKD] |
| 1. Изготвување план за јавни набавки во кој би се предвиделе набавки на софтверски апликации и идејни решенија и опрема, како и одржување на постоечките. | БП | БЈН | 1/2025 | 12/2027 | Вработе ни во БП | / |
| 2.Набавка на софтверски апликации и друга опрема во насока на имплементација на најсовремени методи во ефикасно решавање и изготвување на вештачења и процени. | БП | МФ | 1/2025 | 12/2027 | Вработе ни во БП | 533.000 (Побаран износ во Буџетска Програма 2-Судски вештачења) |
| Вкупно активности во 2024 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2025 година:2 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2026 година:2 | | | | | | |

| Вкупно за резултат 3: 6 | | | | | | 533.000 |
|---|---|---|---|---|---|---|

3. Влијанија врз човечките ресурси

| ПРОГРАМА | Резиме на потреба од нови вработувања | Резиме на потреба од прераспределба на вработените | Резиме на потреба од обуки |
|---|---|---|---|
| Стручни работи од областа на процени и вештачења | Поради испразнети работни места планирани се 5 нови вработувања во 2025 год. | Поради поголема мотивација на стручниот кадар планирани се 3 унапредувања во 2025 год. | -Континуирани обуки за измени во законски регулативи од сите области на вештачење и процена во доменот на БП<br>-Обуки од областа на примена на софтверски апликации<br>-Обуки за користење на нови и современи машини,опрема и алатки во процесот на вештачење и процена |

4. Принципи на соодветна и правична застапеност

| 2025<br><br>**очекувано влијание**<br><br>Поаѓајќи од уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, во БП при спроведувањето на постапките за вработување се посветува внимание на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници. Во 2025 година во БП во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија. | 2026<br><br>**очекувано влијание**<br><br>Во 2026 година во БП во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија. | 2027<br><br>**очекувано влијание**<br><br>Во 2027 година во БП во постапките за вработување ќе продолжи да се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Северна Македонија. |
|---|---|---|

5. Принцип на еднакви можности на жените и мажите

| 2025<br><br>**очекувано влијание** | 2026<br><br>**очекувано влијание** | 2027<br><br>**очекувано влијание** |
|---|---|---|
| Остварувањето на родова еднаквост ќе даде клучен придонес во напредокот за сите цели на БП .Жените мора да имаат еднакви можности со мажите за вработување, лидерство и донесување одлуки на сите нивоа.Во БП се посветува внимание на принципот на еднакви можности на жените и мажите. Во 2025 година БП ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. | Во 2026 година БП ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. | Во 2027 година БП ќе продолжи да го почитува принципот на еднакви можности на жените и мажите, односно тие да имаат еднаков статус и еднаков третман во остварувањето на сите права. |

6. Развивање на заедничките функции

| 2025<br>планирани мерки | 2026<br>планирани мерки | 2027<br>планирани мерки |
|---|---|---|
| Стратешко планирање и подготвување на Буџетот на БП | | |
| Согласно Правилникот за внатрешна организација на БП, во Сектор за Правни, општи и заеднички работи, има систематизирано работно место виш соработник за стратешко планирање ,а одговорно лице за изготвување на стратешки план е Раководител на одделение за координација (поддршка) на активностите на директорот.<br>Согласно внатрешната организација на БП и интерните процедури на работа, Одделение за финансиски прашања е одговорно за подготвување на буџетот на БП. Одговорните лица во Одделението го координираат подготвувањето на буџетот, согласно со мерките и активностите предвидени во Стратешкиот план, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на БП во корелација со политиките на Владата на РСМ. | Во 2026 година се планира континуирана обука на одговорното лице за изготвување на стратешки план и следење на неговата реализација, како и континуирана обуки за одговорните лица во Одделение за финансиски прашања за подготвување на буџетот.<br>Во 2026 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2026-2028 година и подготовка на стратешки план за 2027-2029 година.<br>Во 2026 година се планира подготовка на буџетот на БП за 2027 година. | Во 2027 година се планира континуирана обука на одговорното лице за изготвување на стратешки план и следење на неговата реализација, како и континуирана обуки за одговорните лица во Одделение за финансиски прашања за подготвување на буџетот.<br>Во 2027 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2027-2029 година и подготовка на стратешки план за 2028-2030 година.<br>Во 2027 година се планира подготовка на буџетот на БП за 2028 година. |

| | | |
|---|---|---|
| Во 2025 година се планира обука за следење на реализацијата на стратешкиот план и подготвување на буџетот.<br>Во 2025 година се планира следење на извршување на стратешкиот план за 2025-2027 година и подготовка на стратешки план за 2026-2028 година.<br>Во 2025 година се планира подготовка на буџетот на БП за 2026 година. | | |

| Извршување на буџетот и управување со средства | | |
|---|---|---|
| Во БП согласно Правилникот за внатрешна организација, извршувањето на буџетот и управувањето со средства е во надлежност на Одделение за финансиски прашања, со систематизирани шест работни места од кои се пополнети три работни места.<br>Екипирање на Одделение за финансиски прашања и обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2025 година. | Континуирана обука на вработените во Одделение за финансиски прашања.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2026 година. | Континуирана обука на вработените во Одделение за финансиски прашања.<br>Следење на извршувањето на Буџетот за 2027 година. |

| Управување со човечки ресурси | | |
| --- | --- | --- |
| Согласно Правилникот за внатрешна Организација на БП, формирано е Одделение за управување со човечки ресурси. Одделението за управување со човечки ресурси се грижи за развојот на човечките ресурси во БП, а со оглед на зголемените обврски, согласно Законот за административни службеници. Одделението ги согледува потребите од вработување, учествува во спроведувањето на постапките за вработување. Ги согледува потребите на вработените за обука, ги води персоналните досиеја на вработените, согласно законската обврска ќе изготви Годишен план за соодветна и правична застапеност, како и Годишна програма за обука, а ќе го организира и оценувањето на административните службеници во БП.<br>Во 2025 година се планирани 5 нови вработувања и 2 унапредувања. | Во 2026 година се очекува зајакнување на капацитетите на Одделението за управување со човечките ресурси. Во Одделението ќе продолжи да се работи на извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси. Ќе продолжи континуираната обука на вработените во Одделението заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Одделението. | Во 2027 година во Одделението ќе продолжи да се работи на извршување на надлежностите во делот на управувањето со човечките ресурси. Ќе продолжи континуираната обука на вработените во Одделението заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите на Одделението. |

| Нормативно правни, општи и заеднички работи | | |
|---|---|---|
| Согласно Правилникот за внатрешна Организација на БП формиран е Сектор за правни, општи и заеднички работи.<br>Во состав на овој сектор се две одделенија: Одделение за правни и општи работи и Одделение за координација (поддршка) на активностите на директорот.<br>Во 2025 година Секторот е надлежен за правните, општите и заеднички работи на БП. | Во 2026 година Секторот за нормативно правни, општи и заеднички работи ќе продолжи со надлежностите за нормативно правните, оптштите и заеднички работи на БП. | Во 2027 година Секторот за нормативно правни, општи и заеднички работи ќе продолжи со надлежностите за нормативно правните, оптштите и заеднички работи на БП. |

## 7. Прилог 1: Образец за утврдување на ризици

## Ризици на ниво на стратешки план

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| -недоволно разбирање на улогата на БП; | средна | големо | -Реализирање на состаноци со носители на високи функции за презентирање на улогата на БП,<br>-Донесување на подзаконски акти за дефинирање на условите и начинот на работа на БП. |
| -зголемен одлив на човечки ресурси од БП; | голема | големо | -Донесување на политики за задржување на кадарот со конкретни мерки<br>-Потпишување на колективен договор на органот |

Ризици на ниво на програма

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| -недоволен административен капацитет за функционирање на Одделението за финансиски прашања кое треба да одговори на сите барањата од областа на финансиското работење ; | средна | големо | -Кадровско зајакнување на Одделението за финансиски прашања. |
| -Неможност навремено да се спроведуваат јавни набавки и да се следи нивна реализација; | голема | големо | -Вработување на лице со лиценца за вршење на јавните набавки. |
| -недоволно расположливи надворешни соработници кои ги | средна | големо | -Организирање конференции за презентирање на слабо застапени области со лиценцирани проценители и привлекување на стручен кадар за стекнување со лиценца од соодветна област. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ангажира БП како стручен кадар од разни области; | | | |
| -неможност навремено да се одговори на зголемен број на барања за процена согласно моментално расположлив кадар. | средна | големо | -Вработување на нови кадри.<br>-Додаток на плата за вработените со зголемен обем на работа. |

Подготвил: Габриела Паунова

в.д. Директор/Drejtor

Fejsal Beadini